Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-159/2
10-02-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 159/1 од 09.02.2023 година, поднесена од [redacted] од Куманово со живеалиште на [redacted] против [redacted] и ЈП „Чистота и зеленило" - Куманово, за извршена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 10.02.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 - 159/1 од 09.02.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] и ЈП „Чистота и зеленило" - Куманово **поради ненавременост.**

## Образложение

На 09.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] против [redacted] и ЈП „Чистота и зеленило" - Куманово, за извршена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги.

Подносителот како повод за поднесување на претставката наведува настани од 2018 и 2019 година.

Согласно законската одредба од член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата."*

Од причина што за поднесување на претставката **не се запазени ниту субјективниот, ниту објективниот рок**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка поради ненавременост.

Скопје
10.02.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk